**Одржан на 13.09.2011 (вторник) во општина Маврово-Ростуше**

Цел: Презенатција и јавна расправа за проектот односно изградба на ХЕЦ "Бошков Мост" и Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина

**Од 16.00-18.00 часот се одржа јавна расправа во Опшина Дебар, на кој присуствуваа:**

Онер Јакуповски

Директор на Управа на НПМ

Мукрем Мехмеди
Градоначалникот на Маврово-Ростуше

| | |
|---|---|
| Barrie Mould | ЕБОР |
| Sara Ruck | ЕБОР |
| Francesco Cabro | ЕБОР |
| Иван Трпески | ЕЛЕМ |
| Звонко Кушоски | ЕЛЕМ |
| Горан Стоилов | ЕЛЕМ |
| Шуаип Ракиповски | ЕЛЕМ |
| Влатко | МЖСПП |
| Хусни Тачи | МЖСПП |
| Касам Зеќири | МЖСПП |
| Менка Спировска | ДЕКОНС ЕМА |
| Маја Коцова | ДЕКОНС ЕМА |
| Ирена Стефановска | ГЕИНГ |
| Константин Сидеровски | Независен консултант |
| Љупчо Ангелоски | ХЕЦ "Шпилје" |
| Душан Арбеновски | ХЕЦ "Шпилје" |
| Деспот Казанџиовски | Пензионер |
| Решат Љурмемет | ЈКП Дебар |
| Џаили Мирзо | Општина Дебар |

На почетокот на јавната расправа беа поделени информативни материјали и презентацијата за Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина.

Претставникот на МЖСПП (Хусни Тачи) ја отвори јавната расправа по што следеше кратка анимација/претстава на проектната активност од стана на Иван Трпевски од ЕЛЕМ.

После следеше презентацијата на Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина, од страна на Менка Спировска.

На јавната расправа се поставија прашања во врска со:

- подземните води - зошто е спомнато во Студијата дека ќе се намали нивото на водата, кога е секогаш се очекува да се зголемат нивото на подземните води при изградба на браната.

Тоа се однесува на Гарска река, можно е кога ќе има ниски води, да нема доволно количина на вода до корењата на дивите костени и затоа е потребен автоматски мониторинг.

- прашање за ископ на глина ќе бид од Жупа, дали после изградата ќе се подобри/реконструира патот.

Патот кој ќе се користи за време на градбата е предвидено да се врати во првобитната положба (еднаква или подобра инфраструктура).

Скопје, 13.09.2011 година
Записничар Ирена Стефановска

**Записник од состанок и јавната расправа по Студија за оцена на влијание врз животна средина на проектот "Изградба на ХЕЦ 'Бошков Мост', општина Маврово-Ростуше, одржан на 12.09.2011(понеделник) во општина Маврово-Ростуше**

**Цел: Презенатција и јавна расправа за проектот односно изградба на ХЕЦ "Бошков Мост" и Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина**

Од 12.00-13.30 часот се одржа состанок со Директорот на Управата на Националниот Парк Маврово, на кој присуствуваа:

Онер Јакупоски
Директор на Управа на НПМ

| | |
|---|---|
| Barrie Mould | ЕБОР |
| Sara Ruck | ЕБОР |
| Иван Трпески | ЕЛЕМ |
| Звонко Кушоски | ЕЛЕМ |
| Менка Спировска | ДЕКОНС ЕМА |
| Маја Коцова | ДЕКОНС ЕМА |
| Ирена Стефановска | ГЕИНГ |

На состанокот се дискутираа прашањата поставени од невладините организации на претходно одржаните состаноци:

- Кумулативните ефекти, какво влијание ќе има проектот Луково поле и изградбата на малите хидроелектрани;

Од страна на Директорот на Управата на НПМ беше одговорено дека тие влијанија неможе да се иднетификуваат во оваа фаза. Поради големата оддалеченост/дистанца на објектите на се очекуваат некои големи влијанија.

- Границите на паркот, зошто не се постават прво границите и не се изврши ревалоризација, па потоа да се имплементира/спроведува проектот.

Директорот на Управата на НПМ, укажа дека за 2 месеци ќе се изврши ревалоризација на Паркот (во Собрание), поради тоа што Планот за ревалоризација е изготвен пред една недела и најдоцна во среда (14.09.2011) и четвроток (15.09.2011) ќе се одржи расправа по тоа прашање.
Сите документи ќе бидат достапни на јваноста.

Тие одржале и состанок со локалното насление кое заедно со комитетот и сите засегнати страни (уште од самиот почеток) кои всушност учествувало во подготовка на Студијата за ревалоризација (која е основа за репрогласување на паркот) и Менаџмент Планот (како посебен документ за понатамошно менаџирање/управување, кој го одобрува Управниот одбор на Паркот и МЖСПП,
за финално одобрување).

Драфт верзијата на Менаџмент Планот ќе биде до крајот на октомври и 15 дена ќе се задржи во МЖСПП за одобрување.

- Дали БМ е во зоната на одржливо користење и дали се земени во предвид просторите Натура 2000.

Беше одговорено дека е во зоната и дека се земени во предвид тие простори при валоризација на Паркот. Студијата за ревалоризација е подготвена од тим на експерти кои ги дефинирале кризните и одржливите подрачја, истата е достапна и на англиски јазик и ќе ја достават до ЕБОР заедно со мапите со предлог зоните. Целиот парк неможе да се прогласи за Натура 2000.

- Дали во Менаџмент Планот има предвидено активности за развој на туризмот.

Беше одговорено дека има предвидено и тоа за повеќе видови на туризам. Активностите од Студијата за Бошков Мост е во корелација со оние предвидени со Менаџмент планот.

- Дали имаат елаборат за Тресонечка река.

ЕБОР го финансираат проектот за мали хидроелектрани и ги поседуваат Елаборати за животна средина.

- Претставнците од ЕБОР се интересираа за средбата со локалните жители и за прашањето во врска со водоводот.

Беше одговорено дека Хидропроџект гроуп се обврзал со свои средства да ја направи секундарната мрежа во селата (Тресонче и Селце).

- Од 16.00-18.30 часот се одржа јавна расправа во Општината Маврово-Ростуше на кој присуствуваа:

**Проектен тим:**

Онер Јакупоски - Директор на Управа на НПМ

Мукрем Мехмеди - Градоначалникот на Маврово-Ростуше

| | |
|---|---|
| Barrie Mould | ЕБОР |
| Sara Ruck | ЕБОР |
| Иван Трпески | ЕЛЕМ |
| Звонко Кушоски | ЕЛЕМ |
| Горан Стоилов | ЕЛЕМ |
| Филип Иванов | МЖСПП |
| Влатко Цветановски | МЖСПП |
| Хусни Тачи | МЖСПП |
| Касам Зекири | МЖСПП |
| Менка Спировска | ДЕКОНС ЕМА |
| Маја Коцова | ДЕКОНС ЕМА |
| Ирена Стефановска | ГЕИНГ |
| Константин Сидеровски | Независен консултант |

Јавност и невладини организации:

| | |
|---|---|
| Абдула Хасини | с.Ростуше |
| Диди Џафери | с.Ростуше |
| Емини Реџепи | с.Скудриње |
| Садула Мурати | МЗ Скудриње |
| Реџеп Реџеповски | ОУ Јосип Броз Тито |
| Стојан Лешовски | Еко Свест |
| Ана Чолович | Еко Свест |
| Самет Абдули | МЗ Требиште |
| Неџат Исмаилоски | Општина Маврово Ростуше |

| | |
|---|---|
| Марјан Дејановски | Здружение на граѓани с.Тресонче |
| Станко Стаменовски | с.Тресонче |
| Марјан Треновски | с.Тресонче |
| Фуат Хоџа | ЈУНП Маврово |
| Зафкет Веапи | ЈУНП Маврово |
| Мурењт Мехмеди | Општина Маврово Ростуше |

На почетокот на јавната расправа беа поделени информативни материјали и презентацијата за Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина.

Претставникот на МЖСПП (Влатко Цветановски) ја отвори јавната расправа по што следеше кратка анимација/презентација на проектната активност од стана на Иван Трпевски од ЕЛЕМ.

После следеше презентацијата на Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина, од страна на Менка Спировска.

Потоа следеа прашања од страна на присутните/јавноста, За

- пристапните патишта – дали ќе биде возможен пристап до селата за време на изградбата на ХЕЦ БМ -

Пристапот до селата ќе биде овозможен само ќе има одреден режим на движење и во текот на денот ќе има евентуално 1 час застој на сообраќајот за време на изградба.

- За нивото на водата како ќе се регулира -

Предвиден е автоматски мониторинг на Мала река, ќе се следи нивото на водата и ќе се внимава на биолошкиот минимум.

- Кога е направена објавата во дневните весници за Студијата за Оцена на влијанијата врз животната средина и дали е започнат биомониторингот -

Објавата во дневните весници е направена на 05.09.2011 во дневите весници Дневник и Лајме.

Додека во врска со прашањето за биомониторингот е во подготвителна фаза и истиот секако ќе се спроведе 12 месеци пред изградбата. За остатнатите активностите кои се предвидени на почетокот на изградбата на ХЕЦ БМ (како преместување на бандерите, реконструкција на патиштата итн.) не е потребен спроведување на мониторинг.

- Дали се земени во предвид кумулативните влијанија (со малите хидроелектрани од Хидропроџект гроуп) -

Кумулативните влијанија се земени во предвид и процедурата/постапката за малите хидроелектрани е помината/спроведена во МЖСПП.

- Во врска со заштита на црквата -

Предвидена е заштита на црквата и фреските односно нивна конзервација.

- Во врска со рибите, порибување и рибји патеки –

Нема да се прават нови рибји патеки, бидејќи рибите ќе можат да ги преминат препреките кои ќе бидат поставени во реките, исто така ќе се изготви и план за порибување.

- Прашање за материјалот од изградбата од каде ќе се носи -

Материјалот потребен за изградба ќе биде воглавно од каменоломот и други деловиод локацијата кои потоа ќе се реставрираат.

**Заклучок:**

Да се следат и спроведуваат мерките согласно Мониторинг Планот во текот на процесот на изградба и оперативниот период, како и соработка/усогласување со Националниот Парк Маврово.

Скопје, 12.09.2011 година

Записничар

Ирена Стефановска